ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР**
ул. „Васил Ѓоргов“, 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02/3216-299, факс: 02/3228-866
www.dic.edu.mk; e-mail: dic@dic.edu.mk
ЕДБ: 4080009507394; Трезорска сметка: 160026150660319 НБРМ

NATIONAL EXAMINATIONS CENTRE

# ПРАВИЛА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ЕКСТЕРНИТЕ ИСПИТИ



ПОЧИТУВАНИ МАТУРАНТИ, ВНИМАТЕЛНО ПРОЧИТАЈТЕ ГИ ПРАВИЛАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ЕКСТЕРНИТЕ ИСПИТИ ОД ДРЖАВНАТА МАТУРА.

## НА ДЕНОТ НА ИСПИТИТЕ ВИЕ ТРЕБА:

- да бидете во училиштето во 9:30;
- да носите документ за лична идентификација со слика (лична карта, патна исправа или ученичка легитимација со фотографија и печат од матичното училиште);
- да ги оставите сите лични предмети (ташни, ранци, мобилни телефони i-pod-ови, органајзери, дигитрони) на местото предвидено за тоа;
- да проверите дали тестот е исправен во времето предвидено за подготовка на испитот – првите 15 минути (од 10.00 – 10.15 часот);
- да ги прочитате упатствата за решавање на тестот, кои се наоѓаат на насловната страна на тестот и на листата за одговори.

## ДОЗВОЛЕНО ВИ Е:

- да консумирате вода или безалкохолни пијалоци;
- да употребувате прибор за пишување (пенкало во сина боја)-*Одговорите со молив не се вреднуваат;*
- да употребувате прибор за геометрија (ленир, шестар, молив и гума)-незадолжително;

## НЕ ВИ Е ДОЗВОЛЕНО:

- да користите хартија, мобилни телефони, дигитрони и друг вид на електронски направи;
- да се консултирате и договарате со останатите кандидати;
- да препишувате од друг или да дозволите да препишуваат од Вас;
- недолично да се однесувате кон организаторите на испитите или другите кандидати;
- да пишувате недолични знаци или содржини на тестот или на листата за одговори;
- да пишувате знаци или содржини што упатуваат на идентитетот на кандидатот;
- да не го предадете целиот или дел од испитниот материјал.

## Мерки кои ги изрекува тестаторот/набљудувачот при прекршување на правилата за полагање на испити од државна матура:

| | |
|---|---|
| <u>ОПОМЕНА,</u> се изрекува кога кандидатот: | - поседува недозволени средства што не се предвидени со испитна програма (хартија, мобилен тел. и сл.);<br>- пишува на недолични знаци на тестот или листот за одговори;<br>- разменува информации поврзани со испитот. |
| <u>ПРЕКИНУВАЊЕ НА ИСПИТОТ,</u> се изрекува кога кандидатот: | - по изречената опомена продолжува да ги повторува прекршоците;<br>- препишува од друг кандидат;<br>- дозволува да препишуваат од него. |